АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# У П А Т С Т В О

за внес на ППР, М1 и М2 преку електронскиот систем **е - Работа** на Агенцијата за вработување за работодавачи од приватниот сектор

Февруари 2016

# 1. Содржина


2. Најава во е-Работа ... 1

3. ППР ... 2

Работно место ... 3

Начин на задоволување на потребата од работник ... 4

Образование ... 5

Податоци за контакт ... 6

4. Пријава ... 7

Датум на пријава во задолжително осигурување ... 8

5. Преглед на вработени ... 9

6. Одјава ... 9

Датум на престанок на осигурувањето ... 10

Основ на престанок на осигурувањето ... 11

7. Препораки и можни грешки ... 12

## 2. Најава во е-Работа

Директен линк: https://e-rabota.avrm.gov.mk

Или преку http://avrm.gov.mk , а потоа се оди на е-Работа

Преку веб страната на Агенцијата за вработување на Република Македонија, работодавачите од приватниот сектор можат:

- Да огласат слободно работно место (да поднесат ППР образец)
- По претходно поднесен ППР образец, да пријават засновање на работен однос (да поднесат М1 образец)
- Да одјават работен однос (да поднесат М2 образец)

За да го користат електронскиот систем на Агенцијата за вработување за оваа намена, работодавачите треба да поседуваат дигитален сертификат (електронски потпис). Овластени куќи за издавање на дигитални сертификати во Република Македонија се КИБС http://ca.kibs.com.mk и Македонски телеком http://business.telekom.mk/mk/374/Delovni_reshenija/ICT_uslugi/Digitalni_sertifikati.html




**Слика 1**

## 3. ППР

Пријава за потреба од работник е задолжителен чекор пред да се регистрира пријава во задолжително социјално осигурување (М1 образец) од страна на работодавач при вработување на работник. *Ова произлегува од законската обврска за претходно внесување на јавниот оглас во електронскиот систем на Агенцијата за вработување на Република Македонија пред објавувањето на истиот (член 22 од Законот за работните односи).*

- За да внесете ППР, најпрвин се најавувате во системот е-Работа, со единственото корисничко име за работодавачот (Слика 1).

- Од менито се одбира опцијата Внеси оглас, како на Слика 2




**Слика 2**

- Се пополнуваат податоците од првата страна.

## *Работно место*

*Карактеристичен податок на првата страна е **Работното место**. Ова поле е поврзано со Националната класификација на занимања која е во согласност со меѓународни стандарди ISCO 08. Надлежна институција за оваа класификација е Државниот завод за статистика. Целосниот документ од кој е изваден шифрарникот на занимања кој се користи при шифрирање на податокот за работно место може да се најде на следниот линк:* [http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi.aspx](http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi.aspx)

- За да се пополни полето **Работно место,** се притиска копчето 

, се испишува називот или дел од називот на занимањето кое треба да се избере и се притиска на копчето 

. Се избира занимање од понудената листа (Слика3).

*Доколку во шифрарникот на занимања не постои занимање со идентичен назив кој го барате, изберете занимање кое е најслично со тоа што го барате.*




**Слика 3**

## *Начин на задоволување на потребата од работник*

Во ова поле се избира начинот на кој ќе се задоволи потребата од работник.
*Согласно Законот за работните односи како начини за задоволување на потребата од работник во член 22 се уредени:*

> *1) огласување на јавен оглас во дневниот печат или во други средства за јавно информирање пречатени или електронски на товар на работодавачот;*
> *2) објавување во службата надлежна за посредување при вработување, без наплата, во согласност со закон;*
> *3) посредување на службата надлежна за посредување при вработување преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработените лица;*
> *4) агенција за посредување при вработување со наплата од работодавачот, во согласност со закон, со претходно внесување на јавниот оглас во електронскиот систем на Агенцијата за вработување на Република Македонија.*

*Задоволување на потреба од работник без објавување на оглас важат соодветните одредби од Законот за работните односи.*
Преку електронскиот систем е-Работа, овозможени се начините кои се прикажани на Слика 4.
Останатите можни начини се достапни само преку шалтерите на АВРМ, затоа што за нив е потребно до АВРМ да се достави дополнителна информација или документ освен ППР образецот.
*Доколку во ППР е избран начинот **Со огласување во АВРМ**, на тој ППР не може да се поврзе М1 пред истек на 5 работни дена од огласувањето, додека за начините во групата **Без огласување - ,** М1 може веднаш да се реализира.*
*За избор на начин различен од **Со огласување во АВРМ**, потребно е работодавачот да го исполнува законскиот услов предвиден за тоа. АВРМ не презема одговорност за погрешно избран начин на задоволување на потребата.*




**Слика 4**

*Во член 23став 1 од Законот за работните односи се утврдени задолжителните елементи кои треба да бидат наведени во јавниот оглас (кога работодавачот потребата од работник ја задоволува преку јавен оглас).*

- Се пополнуваат и податоците од втората страна (Слика 5).




**Слика 5**

## *Образование*

Овој податок кажува со какво образование треба да биде лицето кое би се вработило по овој ППР. Тој не е задолжителен, иако е пожелно да се пополни.

Пополнувањето се прави на сличен начин како занимањето од првата страна, преку копчето 

.

## *Податоци за контакт*

Податоците **Адреса, Телефон** и **Е-пошта** за контакт се податоци преку кои барателите на работа може да контактираат со работодавачот за овој ППР.
Доколку тие не се пополнети, при објавување на огласот на веб страната на АВРМ, се прикажуваат податоците за контакт преземени од Централниот регистар.

- Со притискање на копчето Сними, се крира ППР и системот ве носи на опцијата **Прегледај оглас** (Слика 6)
- Со притискање на **Детали** (Слика 6) можете да видите како огласот е прикажан на веб страната.
- Еден ППР е активен 120 дена и после тоа не може да се реализира М1 повразан со него. *Согласно член 23 став 2 од Законот за работните односи каде е уредено : Доколку на јавниот оглас од ставот (1) на овој член се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.*
- Доколку огласот е сеуште активен преку копчето **М1/М2 пријава** (Слика 6) пристапувате до форма за внес на М1.
- Внесените ППР, доколку се со огласување, **веднаш** се прикажуваат на веб страната на АВРМ, во рубриката **Пребарај слободни работни места - Тековни ППР огласи**.




**Слика 6**

- Промени на внесен ППР преку електронскиот систем не се дозволени. Доколку сепак сте направиле грешка, можете ППР да го означите како неактивен, со притискање на **означи неактивен** (Слика 6), но после таа операција, нема да можете да реализирате М1 поврзан со тој ППР.

.




**Слика 7**

## 4. Пријава

Пријава во задолжително социјално осигурување (М1) се спроведува по претходно креиран ППР образец.

- До формата за внес на М1 може да се дојде преку Слика 6, но исто така и преку опцијата **Пријава** која може да се избере од главното мени.

- На Слика 7 е прикажан еден пополнет М1.

- Со испишување на ЕМБГ за лицето, се прикажуваат податоците кои се запишани во базата на АВРМ за него.

*Доколку лицето не постои во базата на АВРМ, потребно е работодавачот да го упати да дојде на шалтерите во соодветниот центар за вработување и да побара да бидат внесени неговите податоци во системот на АВРМ. Нагласуваме дека **НЕ Е ПОТРЕБНО** лицето да биде внесено во регистарот на невработени лица (освен ако работодавачот не сака да користи некоја поволност која во моментот е актуелна за вработување на невработено лице)*


направите пријава.

Пријава во задолжително социјално осигурување

Вработувањето е регистрирано

**Број на оглас за кој е реализирано работното место**

| | |
|---|---|
| Број на оглас | 58 |

**Податоци за обврзникот (работодавачот)**

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број на обврзникот | 403 |
| Матичен број на субјектот и реден број на деловната единица | 41 |
| Назив на работодавачот | Друштв … извоз С |

**Податоци за осигуреникот (работникот)**

| | |
|---|---|
| Матичен број на осигуреникот | 09 … 7 |
| Презиме на осигуреникот | Д |
| Име на осигуреникот | С |
| Вид на завршено образование | СРЕДНО СТРУЧ. ОБР. |
| Степен на завршено образование | 4. |
| Степен на стручна подготовка | Средни училишта - гимназии |
| Профил на завршено образование | Матурант од гимназија |
| Припадност на заедница | Македонец |

**Податоци за осигурувањето (работниот однос)**

| | |
|---|---|
| Датум на пријава во задолжително социјално осигурување (засновање на работниот однос) | 04.03.2015 |
| Основ на осигурување | Работен однос |
| Работно време (часови неделно) | 40 |
| Вид на работен однос | Неопределено |
| Начин на засновање работен однос | Со огласување во АВРМ |
| Број на договор | |
| Датум на договор | 02.03.2015 |
| | Потврди Откажи |

**Слика 8**

## *Датум на пријава во задолжително осигурување*

*Датумот на пријава во задолжително социјално осигурување значи датум/ден од које заснованна работниот однос.*
*Согласно член 13 став 3 од Законот за работните односи, Работодавачот е должен да поднесе пријава за работникот во задолжително социјално осигурување (пензиско и инвалидско, здравствено и осигурување во случај на невработеност), во согласност со посебните прописи, во Агенцијата за вработување на Република Македонија, по електронски пат или непосредно во Агенцијата, со приложување на ППР образец, овластување на овластено лице со список за лица кои ги пријавува/одјавува, во кое се наведени името, презимето и ЕМБГ, како и бројот на договорот за вработување и датумот на склучување на договорот завработување, **еден ден пред работникот да стапи на работа**, а за итни и неодложни работи, **најмалку еден час пред работникот да стапи на работа**.*

- Со притискање на копчето **Потврди** се прави запис на М1 во системот на АВРМ.

## 5. Преглед на вработени

- На Слика 9 е прикажн преглед на работните односи за работодавачот кој е најавен.
- Доколку работодавачот има деловни единици и вработени во нив, во полето **Деловна единица број** треба да се избере деловната единица за која треба да се види списокот на вработени.
- Работните односи за кои сеуште нема одјава се прикажани во првиот дел – **Преглед на актуелни вработени**, а во **Преглед на поранешни вработени** се прикажани работни односи кои се веќе одјавени.
- Од тука е можен детален приказ на некое вработување  , како и печатење на Пријава/одјава во задолжително социјално осигурување 

*Согласно член 13 став 1 од Законот за работните односи, Заверена фотокопија од пријавата или извод од компјутерски запис од информацискиот систем на Агенцијата му се врачува на работникот во рок од три дена од денот на стапувањето на работа.*




**Слика 9**

## 6. Одјава

- Одјава на вработен (М2) може да се направи преку копчето  на Слика 9, или преку опцијата Одјава од главното мени.
- На Слика 10 е прикажана пополнета одјава на работен однос (М2) .



**Податоци за работодавачот и вработениот**

| | |
|---|---|
| Матичен број на субјектот и реден број на деловната единица | |
| Матичен број на осигуреникот | |
| | Прикажи Откажи |

**Податоци за обврзникот (работодавачот)**

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број на обврзникот | |
| Матичен број на субјектот и реден број на деловната единица | |
| Назив на работодавачот | |

**Податоци за осигуреникот (работникот)**

| | |
|---|---|
| Презиме на осигуреникот | |
| Име на осигуреникот | |
| Вид на завршено образование | СРЕДНО СТРУЧ. ОБР. |
| Степен на завршено образование | 4. |
| Степен на стручна подготовка | Средни училишта - гимназии |
| Профил на завршено образование | Матурант од гимназија |
| Припадност на заедница | Македонец |

**Податоци за осигурувањето (работниот однос)**

| | |
|---|---|
| Датум на пријава во задолжително социјално осигурување (засновање на работниот однос) | 01.03.2014 |
| Основ на осигурување | РАБОТЕН ОДНОС |
| Работно време (часови неделно) | 40 |
| Вид на работен однос | Неопределено |
| Начин на засновање работен однос | Со огласување во АВРМ |

**Податоци за престанок на осигурувањето (работниот однос)**

| | |
|---|---|
| Датум на престанок на осигурувањето (работниот однос) | 28.02.2015 |
| Основ на престанок на осигурувањето (работниот однос) | Спогодбено |
| Број на решение (или одлука за престанок,записник или друг документ) | |
| Датум на решение (или одлука за престанок,записник или друг документ) | 25.02.2015 |
| | Одјави Откажи |

**Слика 10**

- Податоците за работодавачот, вработениот и за работниот однос се прикажуваат самите. Корисникот на системот треба да ги пополни само **податоците за престанок на осигурувањето (работниот однос)**

## *Датум на престанок на осигурувањето*

Датумот на одјава од задолжително социјално осигурување е датумот на престанок на работниот однос.

*Согласно член 51 став 2 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, Работодавачот е должен да го одјави работникот непосредно во Агенцијата или преку електронскиот систем на Агенцијата најдоцна* ***<u>осум дена од денот на престанокот на работниот однос</u>****.*

*Во случај кога работодавачот не го одјави работникот во рокот од став 2 на овој член, одјавувањето се врши **<u>со денот на донесување на потребната документација за одјава на работниот однос на работникот</u>**.*

## *Основ на престанок на осигурувањето*

- Преку електронскиот систем е-Работа, овозможени се основите на престанок кои се прикажани на Слика 11.
- Одјавување на работен однос по останатите законски основи е достапно само преку шалтерите на АВРМ.




**Слика 11**

- По притискање на копчето **Одјави,** доколку записот е внесен, се појавува коментарот **Вработувањето е одјавено** (Слика 12)




**Слика 12**

- *Пожелно е по одјавувањето да испечатите документ - **Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 (извод од компјутерски запис)*** **-** (Слика 13)




**Слика 13**

# 7. Препораки и можни грешки

- **За најоптимално користење на сите функционалности на веб страната на АВРМ, се препорачува да се користи пребарувачот Google Chrom**

- Доколку при користење на системот **е-Работа** добиете порака како на слика 14, можно е да имате еден од следните проблеми:
    - Немате инсталирано валиден сертификат на компјутерот
    - Сертификатот е инсталиран и валиден, меѓутоа можеби се поставени некои ограничувања (забрана за пристап до некои страници, firewall заштити, proxy) поради кои ситемот е-Работа нема пристап до фолдерите на кои е инсталиран сертификатот и не може да направи проверка на истиот.

**За да продолжите со работа во делот на Пријава Одјава потребно е да имате инсталирано клиентски сертификат**

**Слика 14**

- Грешката прикажана на Слика 15 е резултат на предолго отворена сесија. Потребно е да се одјавите и повторно да се најавите во системот за да продолжите со работа.




**Слика 15**

- Ваши коментари, прашања и пријавување на грешки можете да доставите на info@avrm.gov.mk или преку контакт телефоните 02 3 111850 или 02 3 298 297